# *Постоперативна рехабилитација на сколиози*

ЈЗУ СБ за ортопедија и трауматологија СВ.Еразмо, Охрид

Болница Токуда, Софија, Бугарија *(*мај-јуни, 2015*)*
Д-р Зорица Китрозова

***Датум на презентација: 29.06.2015***

# Извештај за завршена обука во странство *Постоперативна рехабилитација на сколиози*

Во периодот од 18-ти мај до 12-ти јуни 2015год. престојував во болницата Токуда во Софија, Бугарија, за едукација од областа на деформитетите на рбетен столб со примарен акцент на рана постоперативна рехабилитација на сколиози.

Болницата “Токуда Софија” е официјално отворена на 29-ти ноември 2006 година. Ова е првата болница во Бугарија која е целосно странска инвестиција. Дел е од интернационалниот медицински синџир “Токушукаи Медицинска Корпорација “ и го носи името по нејзиниот сопственик Д-р Торао Токуда (јапонски доктор кој е посветен на современата етика во болничките институции и квалитетната нега на пациентите).

Мисијата на Болницата Токуда е навремено и квалитетно овозможување пристап до секој пациент на кој му треба современа медицинска помош, при тоа сочувувајки го неговото достоинство и почитувајки ги неговите индивидуални потреби и барања.

Визија на болницата е да биде прв избор на болница за бугарските пациенти и сите пациенти во регионот, прв избор на високо специјализирани професионалци во полето на медицината и прв избор на партнер во недицинска заштита.

Главните начела на оваа болница се претставени од нејзините сопственици откривајки ја филозофијата на д-р Торао Токуда за непрекинатост и неодбивање на медицинска помош, како и ставање на пациентот во центарот на медицинската грижа, забрана за неподмирени трошоци и почитување на правата на пациентите без разлика на нивната раса, социјален статус и религија.

Пружање на мултидисциплинарен приод на пациентите е главниот пример за начин на медицинска нега во Токуда. Високата квалификација на докторите и медицинскиот персонал, удобните услови и модерната опрема се основните предиспозиции за извршување на високоспецијализирани и авангардни процедури кои се единствени во регионот.

Болницата има над 30 клиники и оддели, 3 хируршки блока и 22 операциони сали со театри опремени со модерна медицинска опрема. Има  1000 кревети комплетно адатирани на индивидуалните потреби на пациентите.

- За време на мојот престој во болницата редовно, секојдневно присуствував на утринска визита на одделението за ортопедија и трауматологија и на стручниот состанок кој се одржуваше по завршување на визитата, а на кој се разгледуваат случаите планирани за тековен третман.
- На одделението за ортопедија и трауматологија, чиј началник е д-р Васил Јаблански ја пратев раната постоперативана рехабилитација на пациентите оперирани од сколиоза, поточно низ континуирана комуникација со операторот и останатиот тим се запознав со протоколот за постоперативна рехабилитација и третман на пациентите. Присуствував и на презентација на поспесифични случаи, како и увид на резултатите по завршена операција и рехабилирација. Исто така на ова одделение се запознав исо раната постоперативна рехабилитација кај пациенти со инплантирани ендопротези на колк и колено и со протоколот за нивна рехабилитација.

- Покрај на одделението за ортопедија и трауматологија секојдневно присуствував на визита и на оделението за физикална медицина и рехабилитација, каде се лекуваа пациенти со различна патологија. Останатото работно време го поминував во салите за електро и кинези терапија, каде се лекуваа амбулантни пациенти. За време на престојот во салите покрај експлорација на другите апарати, стекнав увид во примената и начинот на апликација на GunaPhoresis (Апарат за резонантна магнетофореза на колагени ампули GUNA MDs). Со овој апарат колагенот се аплицира локално, ја намалува болката и го зголемува, односно враќа обемот на движења во зглобовите. Друг апарат на кој ја увидов примената и начинот на користење е BTL-6000 LYMPHASTIM (апарат за линфна дренажа кој работи на пневматичен принцип, користејки пресотерапија).

# Заклучоци

Овој едукативен престој отвора можност за надополнување на терапевските методи во областа на физикална медицина и рехабилитација во матичната установа. Сеопфатен и квалитетен постоперативен физијатриски третман на сколиози и набавка на апаратура потребна и полезна во оваа област од медицината со што ке се овозможи квалитетен, комплетен и современ третман на

пациентите .